РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2039/2
30-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2039/1 од 28.07.2025 година, СЕ ОТФРЛА поради тоа што нема јасни наводи за незаконити дејствија на службени лица при вршење на службената должност и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата.

Предметот со број 12-2039/1 од 28.07.2025 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на /// на ден 28.07.2025 година е препратена на надлежност пријава од непознат подносител, која се однесува за лице кое нема својство на службено лице дека истото наводно врши поткуп на царински службеници на граничните премини /// и ///. Покрај до Државната комисија пријавата е доставена и на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на РСМ.

Имајќи предвид дека во пријавата не се наведени податоци за конкретни службени лица кои наводно биле предмет на поткуп, а со оглед дека пријавата е од непознат подносител такви податоци не може да се побараат дополнително, следуваше истата да се отфрли. Од друга страна, Државната комисија имеше предвид и дека пријавата е веќе доставена до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија како надлежен орган за откривање на сторители на кривични дела и преземање на со закон определени мерки за гонење на сторителите на кривични дела.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut